# ДВИЖЕЊЕ ПРОТИВ НАЦИОНАЛИЗМОТ
# КОМЕНТАР НА ИЗЈАВАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ГРЧКИОТ ДЕЛ НА КИПАР

Април 13, 2004

Веруваме дека содржината на изјавата дадена од Г-дин Пападопулос, Претседателот на Грчкиот дел на Кипар, а која е во согласност со изјавите на г-дин Лисаридис и Архиепископот на Кипарската Православната Црква, не може да биде голема поткрепа за мирот во нашиот регион.

Во однос на идеолошките ставови на г-дин Пападопулос, уверени сме дека постојат извесни сличности со оние на г-дин Лисаридис.

Г-дин Лисаридис, кој самиот е лидер на илегална парамилитантна група, и покрај фактот дека е лекар, и фактот што беше лекар на претседателот на Макариос, соработувал воено во 1963 година со вооружени папмилитантни единици на Георгацис и Самсон, кои решавањето на Кипарскиот проблем го гледаа во извршувањето на геноцид врз цивилното население на Кипарските Турци.

За среќа на Лисаридис во тоа време не постоеше меѓународен суд, а доколу постоеше таков тогаш тој и Георгацис и Самсон сигурно ќе се соочеа со екстрадиција во Хаг каде би му се судело за неговите дела.

Иако претходно г-дин Пападопулос се декларираше пред Кипарските Грци дека чесно ќе ја прифати и во потполност нивната одлука но и последиците во однос дали ќе гласаат за да или не за предлогот на Анан, во неговата последна изјава тој се произнесе за тоа зошто Кипарските Грци треба да се изјасна против тој предлог.

Она што е најчудно е тоа дека г-дин Пападопулос, после изсцрпната енумерација на ставовите за кои тој верува дека се негативни точки во предлогот на Анан, единствената позитивна точка која тој ја наведе е тоа дека тој предлог ќе му овозможи на Кипар на 1 мај 2004 година да стане полноправна членка на Европската Унија.

Тој додаде дека прифаќањето на Кипар како полноправна членка на ЕУ ќе му овозможи поголемо спротиставување кон Турција, со тоа што ќе можат да го искористат правото на вето и ќе се овозможи поголемо наметнување на гледиштата на Кипарските Грци, пред Турција да посака да стане членка На ЕУ.

На крајот на својот телевизиски настап, Претседателот се обрати скоро облеан во солзи , кон своите сонародници Кипарските Турци, дека притисокот што Кипар ќе го направи врз Турција, преку ЕУ, ќе биде единствено во нивни интерес.

Оваа шекспировски настап на претседателот претставуваше само најдобар израз на неговиот талент за глума.